# Плашете се од Семоќниот Аллах и бидете им покорни и послушни на важите водачи, дури тој да е и некој абисински роб. После мене ќе видите големи несогласувања, затоа, држете се до мојата традиција и традицијата на хулефаи рашидин – праведните и упатените халифи

Ирбад бин Сарије, радијаллаху анху, вели: „Еден ден, Аллаховиот Пратеник, алејхи селам, стана во толпата и ни одржа говор заради кој срцето ни затрепери а очите ни се насолзија, па рековме: ‚О, Пратенику, ова како да е прошталенговор, затоа остави ни аманет.‘ Тој рече: ‚Плашете се од Семоќниот Аллах и бидете им покорни и послушни на важите водачи, дури тој да е и некој абисински роб. После мене ќе видите големи несогласувања, затоа, држете се до мојата традиција и традицијата на хулефаи рашидин – праведните и упатените халифи, загризете ја таа традиција со катниците и внимавајте на измислени работи во верата, бидејќи секоја измислена работа води кон заблуда.‘“

[صحيح] [رواه أبو داود والترمذي وابن ماجه وأحمد]

Аллаховиот пратеник, алејхи селам, ги советувал асхабите со убави совети, поради кои срцата им се исполнија со страв, а очите им се насолзија, па кажаа: О, Аллахов пратенику, како да држиш прошталенговор. Асхабите забележаа сериозност во говорот на Аллаховиот пратеник, алејхи селам, па затоа побараа да им остави аманет кој тие ќе го исполнат после него, а тој им рече: Ви оставам завет да се плашите од Аллах, така што ќе ги исполнувате обврските, а ќе ги избегнувате забранетите работи, ќе им бидете послушни на вашите водачи, па дури тој водач да биде роб или да ја преземе власта, т.е. и од најнизок слој на луѓе да ви стане водач немојте да ви биде одбивно, туку следете го, за да не дојде до неред, а кој ќе го дочека тоа од вас за време на својот живот, ќе биде сведок на големи несогласувања, потоа им го објаснил излезот од ова несогласување, дека тоа е можно доколку ја следат неговата традиција и традицијата на праведните и упатените халифи, кои ќе дојдат после Пратеникот: Ебу Бекр, Омер бин Хатаб, Осман бин Афан и Али бин ебу Талиб, Аллах нека е задоволен со сите нив, и за тие традиции нека се фатат како да загризат со катниците до последниот мислејќи со ова: сериозност во следењето на традицијата и неотстапување од неа, и ги предупредил од некои ново-воведени работи во верата, а секоја таква измислена работа го носи човекот во заблуда.